Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 - 282/6
28-11- 2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 282/1 од 11.05.2022 година, поднесена од [redacted] против Министерство за правда на Република Северна Македонија и Управа за водење на матичните книги, за сторена дискриминација од страна на надлежните институции со оневозможување на уживањето на правата загарантирани со Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родени, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 28.11.2022 години, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ЗАПИРА** постапката за заштита од дискриминација заведена под бр. 08 – 282 од 11.05.2022 година поведена од Европски центар за правата на Ромите заради судска постапка за дискриминација.

О б р а з л о ж е н и е

На 11.05.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] против Министерство за правда на Република Северна Македонија и Управа за водење на матичните книги, за сторена дискриминација со оневозможување на уживањето на правата загарантирани со Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родени.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација по добиено известување од страна на подносителот – [redacted] на Ромите дојде до сознанија дека во тек е судска постапка за заштита од дискриминација за истата правна работа.

Врз основа на изнесеното, во согласност со член 27 став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Комисијата носи заклучок за непостапување или за запирање на постапката по претставката во случај кога постапката пред судот за истата работа е веќе поведена или се поведува во тек на постапката или правосилно е завршена и за тоа го известува подносителот на претставката.“*

Комисијата одлучи да ја запре постапката заведена под бр. 08 – 282 поведена од [redacted] против Министерството за правда на Република Северна Македонија и Управата за водење на матичите книги.

Скопје
28.11.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]
- Министерство за правда на Република Северна Македонија со адреса на ул. Димитрие Чуповски бр. 9
- Управа за водење на матични книги со адреса на ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54